**ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ**

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202 - 27/128
01. 09. 2023 год.
Скопје

# П О С Е Б Н И   У С Л О В И
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ЗГОЛЕМЕНИ (АНОРМАЛНИ) РИЗИЦИ ПО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

Усвоени со одлука на Управен одбор бр.0202-27/127 од 01.09.2023 година

Овие Услови за осигурување ги донесе Управниот одбор на **ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје** на својата редовна седница одржана на 01.09.20203г.

## А. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Овие Посебни услови за осигурување големени (анормални) ризици - (во натамошен текст: Посебни услови) се составен дел на договорот за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), што договорувачот на осигурувањето ќе го склучи со ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје (во натамошен текст: осигурувач).

Овие Посебни услови не се применуваат кога е тоа изречно утврдено со посебни или дополнителни услови во одделен договор за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода).

### Член 2

Причините поради кои што некое лице претставува зголемен ризик се наведени во чл.4 од Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случја (незгода).

### Член 3

Пописот на болестите или состојбата врз основа на која се оценува степенот на зголемениот ризик се одредува со овие Посебни услови.

### Член 4

Премијата која треба да се плати за зголемен ризик е одредена со овие Посебни услови кои ги применува осигурувачот во секој конкретен случај. Ако за некој облик на зголемен ризик не е предвидена премија по овие Посебни услови, осигурувачот премијата ја одредува по анологија на слични или сродни ризици.

### Член 5

Лицата кои се наоѓаат на лекување по правило не можат да склучат договор за осигурување се додека не заврши лекувањето, односно се додека не се утврди конечниот процент на трајниот инвалидитет. Во кој случај и тие лица можат да се осигураат, оценува осигурувачот.

### Член 6

Ако договорувачот или корисникот не се задоволни со оцената на зголемениот ризик, можат да побараат вештачење во склад со Општите услови.

### Член 7

Премијата на согласност за зголемен ризик се одредува така што премијата одредена со Тарифата на премии за осигурување на согласност лица од последици на несреќен случај (незгода) се зголемува за процент одреден со овие Посебни услови.

Не се сметаат за зголемен ризик во осигурувањето од незгода лицата чија општа работна способност е намалена, во смисла на одредбите на член 4 став (2) од Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) за 50% или помалку.

Лице кое претставува зголемен ризик:

преку 50% до 75% премијата се зголемува за 50%.

преку 75% по помалку од 100% премијата се зголемува 75% и

од 100% и повеќе премијата се зголемува за 100%.

## Б. ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ

### Член 8

Елементите за оцена на зголемени ризици заради отстапување на телесната тежина од нормалната претставуваат составен дел на овие Посебни услови.

### Член 9

Овие Посебни услови се применуваат исклучиво со Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода).

### Член 10

Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

### Член 11
### Обработка и заштита на личните податоци

Согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на физички лица-договорувачи на осигурување односно осигуреници чии лични податоци ги обработува ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје со цел исполнување на права и обврски кои произлегуваат од конкретниот закон. Личните податоци ќе се обработуваат само на начин што обезбедува соодветно ниво на безбедност на личните податоци со примена на соодветни технички или организациски мерки, со имплементиран систем за информациска сигурност заради заштита на личните податоци, согласно стратегиите и политиките на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје. ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје во својство на контролор на личните податоци, истите ги користи совесно, законито и согласно целта за која се собрани.

### Член 12
### Основ и цел за обработка на лични податоци

Врз основа на член 109 од Законот за супервизија на осигурување, а во согласност со Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ

ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје собира, обработува, чува, користи и доставува лични податоци кои се неопходни при склучување на договорите за осигурување (полиси). Контролорите може да ги обработуваат личните податоци со цел исполнување на правата што произлегуваат од договорот за осигурување, односно со цел водење на постапка за надомест на штета и воспоставување на бази на податоци за настанати штети.
ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува личните податоци само врз основа на претходна согласност од субјектот на личните податоци.

Согласноста за обработка на личните податоци може да се повлече во секое време трајно или привремено преку доставување на известување за повлекување на согласност по пошта на следната адреса: „ул.Пиринска" бр.23, 1-1/5, 1000 Скопје" или преку електронска адреса info@grawe.mk.

**Член 13**
**Пренос на личните податоци**

ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје е дел од Групацијата Grawe. Личните податоци на субјектите на лични податоци се пренесуваат во рамките на Групацијата, односно во матичното друштвото Grazer Wechselseitige Versicherung Aktiengesellschaft. При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци.

**Член 14**
**Обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг**

Личните податоци со исклучок на податоците за здравствена состојба, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува за цели на директен маркетинг само врз основа на дадена согласност за обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг кои ги врши за себе или поврзаните друштва во земјата или во странство.

**Член 15**
**Права на субјектите на личните податоци**

Во врска со сите прашања поврзани со обработка на лични податоци, за остварување на правата кои произлегуваа од Законот за заштита на личните податоци субјектите на лични податоци доставуваат барање на адреса на Граве Осигурување Неживот АД Ул.Пиринска 23,1-1/5 Скопје со назнака за Офицер за заштита на лични податоци.

**Член 16**
**Рокови на чување на лични податоци**

Личните податоци, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги чува во рок до 10 години по истекот на договорот за осигурување или во случај на настанување на штета, 10 години по затворањето на случајот на настанување на штетата, согласно член 109 став 8 од Законот за супервизија на осигурување.
По истекот на роковите од став 1 на овој член личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на податоци на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје.

**ПОПИС НА БОЛЕСТИ ВРЗ ОСНОВА НА КОЈ СЕ ОЦЕНУВА СТЕПЕНОТ НА АНОРМАЛНИОТ РИЗИК**

## I. Психички и неуролошки заболувања

**Степен на анорм.ризик**

Апоплексија на мозокот........................................0
Дебилитет.............................................................0
Деменција............................................................ 0
Депресивно-манична психоза ...............................0
Дистрофија на мускули.........................................0
Епилепсија-генуина или симптом .......................... 100% или не
Идиотија. ................................................................0
Имбецилитет..........................................................0
Кретенизам............................................................0
Заболувања на централниот нервен систем..................... 0
Парализа прогресивна........................................... 0
Параноја ............................................................... 0
Паркинсонова болест ...................................100% или не
Склероза мултипла................................................0
Сирингомилерија .................................................. 0

Табес дорсалис.......................................................0
Церебрална склероза...............................................0
Шизофренија...........................................................0

## II. Сетилни органи

Вид смален преку 50% ..............................................75%
Глауком обостран ....................................................75%
Глувост обострана....................................................75%
Мениеров синдром-хроничен облик ........................50%
Слепило на двете очи..............................................100%

## III. Срце и крвоток

Анеуризма на аорта.............................................. 100%
Анеуризма на мозочните артерии..................... 0
Анеуризма на големите крвни садови................. 100% или не
Аортална инсуфициенција.............................. 100%
Аортритис луестичен........................................ 0
Апоплексија на мозок........................................ 0
Артериосклеротска деменција.......................... 0
Вени проширени на долните краишта
-во лесен степен.................................................50%
со рофични промени на кожа.............................. 75%
Инсуфициенција митрална.................................. 50%
Инфаркт на срце..................................................... 0
Кор пулмонеле......................................................о

Клаудикацио интермитенс
(без трофични промени)........................................... 75%-100%
Миодегенерација на срце.................................................... 0
Нефроангиосклероза........................................................ 0
Перикардитис адхесива..................................................... 0
Раунаудова болест........................................................... 0
Срцеви мани вродени....................................................... 0
Срцеви мани според клинички наод............... 75%-100% или не
Срцеви грешки (комбинирани, стенози и др.)................... 100%
Срцеви мани-корегирани со хируршки зафат според
клинички наод и оперативен зафат................ 75%-100% или не
Стеснување на артериите на долните кришта..... 100% или не

## IV. Органи за дишење

Антракоза на бели дробови....................................... 100%.

Бронхална фистула - неоперабилна........................ 0
Бронхиектизии............................................................ 100%
Бронхитис хроничен..................................................... 75%
Грклан - тешки промени со отежната респирација........ 50-75%
Емфизем на бели дробови......................................... 75%
Ехинокок на бели дробови полицистичен....................... 0
Бели доробови - витален капацитет смален преку 50%
(од обструктивен или респираторен тип).................. 100%
Бели дробови - капацитет смален
-за машки под 3000 ццм............................................ 50-75%
- за женски под 2000 ццм.......................................... 50-75%
Респирација отежната поради промена на
горните дишни патишта.............................................. 50%
Силикоза на бели дробови.......................................... 100%
Фибротхоракс едностран........................................... 100%
Фибротхоракс обостран.............................................. 0

## V. Органи за варење

Дивертикулоза на варниот тракт...................................... 75%
Ехинокок на црниот џигер полицистичен........................ 0
Жолчни каменчиња................................................... 50-75%
Колити улцероса.......................................................... 0
Панкреатитис хроничен................................................ 0
Полип ректума солитарни-------------------------------- 100%
Прирастоци на стомачната шуплина
со изразити пречки......................................................... 75%
Слезина - загуба .......................................................... 50%
Туберкулоза на црева.................................................. 100%
Хепатитис хроничен..................................................... 100%
Хернија дијаграфмална.................................................. 100%
Хернија стомачна......................................................... 50%

Хранопроводник - проширени вени .................................. 0
Цироза на црниот дроб..................................................0
Чир на дванаестопрсно црево ............................................ 50%
Чир на желудец.......................................................... 75%
Чир пептички на тенкото црево.......................................... 100%

## VI. Мочни органи

Бубрег-загуба ..................................................75%
- останатиот бугрег здрав .........................................75%
- останатиот бубрег оштетен..........................................0
Дивертикулоза на мочниот тракт .................................75%
Инконтиненција на мочката.......................................... 100%

Камчиња во бубрегот.............................................100%
Нефритис хроничен ..................................................0
Нефросклероза .................................................... 0
Пиелонефритис хроничен ............................................0
Туберкулоза на бубрезите.......................................... 100%
Уретра-стеснување во силен степен .........................100%
Хидронефроза на еден бубрег..................................... 100%
Хидронефроза обострана .............................................. 0
Хипертрофија на простата ..........................................100%

## VII. Органи за движење

Артритис хроничен примарен ................................... 100%
Артритис хроничен секундарен................................. 50%
Бехтеревлева болест ................................................ 100%
Дистрофија на мускулите прог ...................................... 0%
Остеомиjелитис рецидфивирачки.................................75%
Пагетова болест.............................................................. 0
Скелет - системни заболувања................................... 0
Тромбоза на долните краишта............................. 75-100%
Туберкулоза коскена активна.............................. 0

## VIII. Ендокрини и метаболички болести

Адисонова болест................................................. 0
Базедова болест...................................................... 75%
Дијабетес јувенилен до 20 години..................... 0
Дијабетес на возрасни преку 20 год. до 200 мг ...100%
Дијабетес на возрасни преку 20 год. до 300 мг .......75%
Дијабетис инсипидус........................................... 0
Кушингова болест............................................. . 0
Микседема.......................................................... 0
Симонсова болест.............................................. 0
Струма на штитна жлезда - тиреотоксикоза......... 50%
Уричка диатеза - гихт........................................... 75%

## IX. Крвотворни органи

Агранулоцитоза........................................................... 0
Анемија апластична.................................... 100%
Анемија пернициозна.................................... 75%
Полицитемија есенцијална............................... 0
Хемофилија..............................................................100%

**X. Кожни болести**

Еритематодес...........................................................0
Кседродерма.............................................................0
Пемфигус.................................................................... 0
Псоријаза.................................................................... 75%
Склеродермија..........................................................0

**XI. Тумори**

Леукемија..................................................................... 0
Малигни тумори.......................................................... 0
Малигни тумори-состојба по операција............................... 0

**XII. Зависности (дрога и алкохолизам)**

Абусус дрога.............................................................. 0
Алкохолизам хроничен................................................ 100%
Алкохолизам болнички верифициран со
делирантни појави......................................................... 0

**XIII. Останати**

Болести кои бараат оперативен зафат.............................А
Труење со тешки и со други хемиски
штетни материи кои бараат точно
испитување на функцијата на внатрешните органи.........Б

Во овој попис на болести ознаките во колона „Степен на анормален ризик за осигурување од незгода значат:

А. Болестите означени со 0 - неприфаќање во осигурување.

Б. Болестите означени со 50% претставуваат зголемен ризик преку 50% до 75% болестите означени со 75% претставуваат зголемен ризик преку 75% од помалку од 100% и болестите означени со 100% претставуваат зголемен ризик 100% и повеќе. Потенцијалните осигуреници со болести кои се оценети со 100%, ќе треба да бидат прегледани од соодветен лекар специјалист и врз база на неговото мислење лекарот - цензор ќе цени дали ќе бидат прифатени со доплаток 100% или пак ќе бидат одбиени.

В. Кај индивидуалните осигуреници по тарифа 1/1 ќе бидат прифатени лица кои претставуваат зголемен ризик преку 50% од 75% со зголемување на премијата од 50%.

**ЕЛЕМЕНТИ ЗА ОЦЕНА НА ЗГОЛЕМЕН (АНОРМАЛЕН) РИЗИК**

**ЗАРАДИ ОТСТАПУВАЊЕ ОД НОРМАЛНАТА ТЕЛЕСНА ТЕЖИНА**

Идеална телесна тежина изразена во килограми, е висината на таквото лице, изразено во сантиметри намалено за 100.
Отстапување од нормалната тежина се смета за зголемен ризик.Ако вистинската тежина отстапува од идеалната повеќе од 35 кгр., за таквото лице се смета осигурувањето незгода за зголемен ризик и премијата се зголемуива за 50%.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР**
**Елизабета Божиновска**

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ
НЕЖИВОТ
Скопје